Врз основа на член 12, 14 и 39 од Законот за заштита на населението од заразни болести ("Службен весник на РМ" бр. 66/04, 139/08, и 99/09), како и член 71 став 1 точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14, 10/19, 7/21 и 21/23), Градоначалникот на Општина Демир Хисар до Советот на Општина Демир Хисар доставува

**И З В Е Ш Т А Ј**

**за реализација на Програмата за дезинсекција и дератизација**
**во Општина Демир Хисар за 2025 година**

Согласно Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2025 година (во понатамошниот текст-Програма), беа планирани активности насочени кон спречување на појави од заразни болести предизвикани од микроорганизми и штетници со цел заштита на населението на подрачјето на Општина Демир Хисар.

За таа намена со Програмата беа предвидени средства во висина од 220.000,00 денари. Со вториот ребаланс во 2025 година, овие средства се утврдени на износ од 172.000,00 денари. Активностите утврдени со Програмата беа предвидени да се финансираат со средствата од Буџетот на Општина Демир Хисар за 2025 година.

Во изминатата 2025 година беа реализирани следните активности:

1. Дезинсекција (три третмани и тоа на 16 и 17 јуни, 22 и 23 јули и 9 и 10 септември)

Со дезинсекција беа опфатени 500 хектари.

2. Дератизација (два третмани и тоа на 13 и 14 мај и 25 и 26 септември)

Со дератизација беа опфатени подземните канализациони системи со ревизиони и прифатни канализациони шахти во Демир Хисар, Кутретино, Суводол, Слепче, Сопотница и Слоештица како и прифатни канализациони системи околу објекти од јавен интерес на територија на град Демир Хисар и тоа: ЈОУДГ "2-ри Септември", ООУ "Гоце Делчев", СОУ "Крсте П. Мисирков", ЈЗУ "Здравствен дом" Демир Хисар и СЗУ "Психијатриска болница" Демир Хисар. Дератизирани беа 370 шахти.

Извршител на работите беше ЈЗУ „Центар за јавно здравје" Битола, а контролата од страна на вработени лица во Општина Демир Хисар и ЈКП "Комуналец" Демир Хисар.

Вредноста на реализираниот Договор за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2025 година изнесува 172.000,00 денари.

Бр. 08-251/1
02.03.2026 година
Демир Хисар

Градоначалник
на Општина Демир Хисар
Никола Најдовски